РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА
Бр. 08-1288/ 2

17 -06- 2025

Врз основа на член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/2019), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер бр.604/1 од 03.03.2025 година, поднесено од барателот на информацијата [redacted] – Скопје, директорот на имателот на информацијата – Агенција за администрација го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

1. **Барањето** за пристап до информации од јавен карактер бр.08-1288/1 од 03.06.2025 година поднесено од [redacted] - Скопје, **СЕ УВАЖУВА.**
2. Службеното лице овластено за посредување со информациите од јавен карактер да ги достави бараните информации до барателот во форма и на начин наведени во барањето, во законски утврдениот рок.
3. Решението стапува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Барателот на информацијата [redacted] - Скопје, до Агенцијата за администрација поднесе Барање за пристап до информации од јавен карактер, со кое се бараст следните информации од јавен карактер:

*1.Дали постои збирен годишен извештај за тоа колкав број на вработувања на административни службеници се планирани за претстојната година?*

*2. Ве молиме доставете ни ги Годишните извештаи за работа за 2023 и 2024.*

*3.Ве молиме доставете ни 5 последни завршени јавни огласи за вработување на административни службеници.*

*4. Дали јавните огласи се објавени на веб страната на Агенцијата за администрација на кој се објавуваат сите јавни огласи за административни службеници? Доколку да, Ве молиме доставете ни линк/линкови.*

*5. Дали јавните огласи се објавени во дневниот печат или на некој друг веб сајт, огласна табла и слично? Доколку да, Ве молиме доставете ни линк/линкови.*

*6.Дали јавните огласи се објавени покрај во текстуална форма и во некаква друга форма (пример визуелен приказ)? Доколку да, Ве молиме доставете ни линк/визуелен приказ.*

*7.Кои документи треба да ги достават кандидатите и дали некои од документите Вие ги прибавувате по службена должност?*

*8.Дали кандидатите имаат можност дополнително да доставаат некој документ што пропуштиле да го достават и во кој рок ја имаат таа можност?*

*9.Дали одлуката за избор е јавно достапна, заедно со поените кои ги освоил секој од кандидатите?*

Имајќи го предвид фактот дека Агенцијата за администрација располага со бараните информација од јавен карактер, а постапувајќи согласно одредбите на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението, до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

**ДИРЕКТОР,**

**д-р**

Изработил: м-р

Доставено до:
- Директор;
- Барателот на информацијата; и
- Архива.